АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До**: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 25. 04. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2410 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми, и тоа:

- Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на дневниот весник „Нова Македонија",

- Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на дневниот весник „Слободен печат",

- Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на дневниот весник „Вечер",

- Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на дневниот весник „Коха",

- Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на неделниот весник „Капитал",

- Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Фокус",

- Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на неделниот весник „Битолски весник",

- Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на месечните магазини „Испрати рецепт", „Лековити билки", „Руски доктор" и Диета хроно&кето" и на двомесечниот магазин „ХроноГотвач",

- Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на месечните магазини „Unique" и „Auto Focus",

- Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на месечниот магазин „М Магазин/Авто плус",

- Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на месечниот весник „Јени Балкан", двомесечниот магазин „Бахче" и неделниот весник „Јени Балкан Хафтал'к Билтен",

- Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Лајм",

- Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на месечниот магазин „Економија и бизнис",

- Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на месечниот магазин „Портрет",

- Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на месечниот весник „Штипски глас",

- Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на месечните магазини „Убавина и здравје", „Story", „Home Style" и „Добра храна",

- Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на месечниот магазин „Порта3",

- Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на месечните магазини „Мини Либи" и „Либи" на македонски јазик и месечните магазини „Мини Либи" и „Либи" на албански јзик,

- Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на дневниот весник „Независен весник",

- Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на месечниот весник „Шења",

- Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Скопско Ехо".

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 април 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми ја исполниле сите издавачи на печатени медиуми кои се предмет на овој надзор.

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*